# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК*
# *НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ*



| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Свети Николе**<br><br>**Излегува по потреба** | **28.03. 2025 година**<br>**ден месец година**<br>**Свети Николе**<br>**Број 5** | **ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА**<br>**Трезорска сметка 100000000063010**<br>**Буџетски корисник 7630140762- 630-10** |

РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
- ГРАДОНАЧАЛНИК -
Бр. 0901-181/1
28.03.2025 год.

СИНДИКАТ НА АДМИНИСТРАЦИЈА
ДРЖАВНАТА УПРАВА НА МАКЕДОНИЈА
Синдикална организација Самостоен синдикат на Општина Св. Николе
Бр. 0302-36/1-2
28.03.2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 3 и член 24 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/19, 14/20 и 208/24) член 4 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“, број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 6/2017 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) и член 203 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ број 62/2005, 3/2006, 44/2006, 66/2006, 16/2007, 57/2007, 77/2007, 106/2008, 161/2008, 63/2009, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 10/10, 16/10, 50/10, 52/10, 58/10, 124/10, 132/10, 158/10, 47/11, 11/12, 39/12, 52/12, 13/13, 25/13, 54/13, 170/13, 187/13, 34/14, 106/14, 113/14, 145/14, 20/15, 33/15, 72/15, 74/15, 129/15, 167/15, 27/16, 134/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 110/19, 267/19, 151/21, 288/21, 111/23 и 39/25), ОПШТИНА Свети Николе претставувана од Градоначалникот Дејан Владев , СИНДИКАТОТ НА РАБОТНИЦИТЕ ВО АДМИНИСТРАЦИЈА И ДРЖАВНА УПРАВА (скратен назив: САДУ) претставуван од претседателот на Синдикалната организација на САДУ при Општина Свети Николе, Маринела Зафирова , на ден 28.03.2025 година, во Општина Свети Николе, склучија

# АНЕКС НА КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

## Член 1

Во Колективен договор на Општина Свети Николе бр. 0901-128 од 27.01.2023 година(„Службен гласник на Општина свети Николе бр.02/23), **Членот 10 ставот 1 се менува и гласи:**

„1) Работното време на вработените, со исклучок на вработените од ставовите (2), (3) и (4) од овој член, започнува во 07:30,а завршува во 15:30, од понеделник до петок и изнесува 8 часа дневно, односно 40 часа неделно.“

## Член 2

**Членот 13, се менува и гласи:**

**„Годишен одмор**

**Критериуми за утврдување на годишниот одмор**

Член 13

(1) Вработениот има право на користење на годишен одмор во траење од најмалку дваесет работни дена.
(2) Годишниот одмор на вработениот се определува според следниве критериуми:

| |
|---|
| 1. Должина на работен стаж, најмногу до три дена: |
| - над 1 година до 10 години работен стаж 1 работен ден; |
| - над 10 години до 20 години работен стаж 2 работни дена и |

| |
|---|
| - над 20 години работен стаж - 3 работни дена. |
| 2. Сложеност на работа, согласно нивото на степенот на образование: |
| - Работи од I-III степен сложеност – 1 работен ден; |
| - Работи од IV-V степен сложеност – 2 работни дена и |
| - Работи од VI-VIII степен на сложеност – 3 работни дена. |
| 3. Работа изложена на висок ризик: |
| - овластено службено лице во областа на безбедноста-професионален пожарникар – 3 работни дена |
| 4. Други социјални и здравствени околности: |
| - лице со телесна попреченост, инвалид- дополнителни 3 работни дена; |
| - работник со најмалку 60% телесно оштетување- дополнителни 3 работни дена; |
| - самохран родител или старател со дете до 15 години – дополнителни 3 работни дена и |
| - самохран родител, родител или старател со дете со попреченост – дополнителни 4 работни дена. |

(3) Повозрасен работник со наполнети 57 години за жени и 59 години за мажи има право на уште 3 работни дена годишен одмор.“

**Член 3**

Во членот 15 став 1 алинеја 9 се менува и гласи „ полагање на стручен испит или друг испит за потребите на работодавачот или за сопствени потреби – 3 работни дена“
Во членот 15 во став 1 алинеја 17 зборовите денот на дарување на крв и 2 последователни работни дена се се менува и гласат „ 2 последователни работни дена(денот на дарување и наредниот работен ден) “;
Во членот 15 во ставот (1) по алинејата 17 се додава нова алинеја 18 која гласи: „-за учество на синдикални активности на вработените организирани од страна на синдикатите - деновите на одржување на тие активности“
Во членот 15 ставот (2) се менува и гласи „(2) Отсуството од работа поради личните и семејните околности од ставот (1) на овој член се користи по правило непосредно во деновите на траење на околностите.“
Во членот 15 ставот (3) се менува и гласи „(3) Вработениот кој заминал да дарува крв, а од некоја причина не му било дозволено да дарува, должен е веднаш, а најдоцна во рок од 1 (еден) час да се врати на работа истиот ден.“

**Член 4**

Во членот 16 по ставот (4) се додава нов став (5) кој гласи: „По исклучок од ставовите (3) и (4) за итни , неодложни и непредвидливи околности работникот е должен веднаш да поднесе барање, а работодавачот е должен истиот ден на донесе Решение. “

**Член 5**

Во членот 21 ставот (4) се брише. Ставовите „ 5,6 , 7, 8, 9 и 10“ стануваат ставови „ 4,5,6,7,8 и 9“.

**Член 6**

Членот на 22 се менува и гласи

**„Плата на вработените кои вршат помошно-технички работи**

Член 22

(1) Основната плата, дотатоците на плата на вработените кои вршат помошно-технички работи е изразена во бодови.
(2) За вработените во категоријата помошно - технички лица, бодовите се пресметуваат согласно Одлуката за извршување на буџетот во тековната година донесена на Советот

на Општина Свети Николе и платата се пресметува согласно овој Колективен договор и Одлуката, и тоа:

| Реден број | Назив на работно место | Основна плата | Додаток за работна успешност | Додаток на плата за зголемен ризик при работа | Вкупно бодови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Возач II | **442** | **53** | **40** | **535** |
| 2. | Шеф на возен парк | **442** | **103** | **40** | **585** |
| 4. | Курир-доставувач | **442** | **73** | **/** | **515** |
| 5. | Хигиеничар | **442** | **53** | **/** | **495** |
| 6. | Кафекувар | **442** | **53** | **/** | **495** |

(3) Согласно Општ колективен договор за јавениот сектор, член 14, став 1 „ Основната бруто плата на вработените во јавниот сектор се зголемува за 10%, започнувајќи со исплата на плата за месец Септември 2023 година" , став 2„ Доколку индексот на трошоците на живот во првите шест месеци во 2024 година,споредено со индексот на трошоците на живот за првите шест месеци во 2023 година надминува 3%, основната бруто плата на вработените во јавниот сектор се зголемува во процентуален износ за разликата до 3%" и став 3 „ Процентот на пораст на платата од ставот (2) на овој член се применува со исплатата на платата за месец септември 2024 година". (Службен весник на РСМ, бр.154/23).
(4)Вредноста на бодот за пресметување на бруто плата на вработените кои немаат статус на административни службеници се утврдува со Одлука за извршување на Буџет донесена од страна на Советот на општината до крајот на тековната година за наредната година.
(5)Платите на вработените кои немаат статус на административен службеник се утврдуваат така што утврдените бодови се множат со вредноста на бодот.
(6)Работникот има право на надоместок на плата како и надоместување на трошоците поврзани со работа согласно закон и колективен договор.
(7) Основната плата на вработените кои вршат помошно-технички работи се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж, а најмногу до 20%.
(8) Пресметаката на плата ќе се врши почнувајќи со испата на плата за месец март 2025 година.

**Член 7**

Членот на 23 се менува и гласи

**„Плата на вработените со статус на професионални пожарникари**

Член 23

(1) Основната платата, додатоци на плата, надоместоци на плата и дуги примања на овластените службени лица од областа на безбедноста -професионални пожарникари, вработени во општинската администрација на Општина Свети Николе е изразена во бодови.
(2) Поради видот и природата на работите што ги извршуваат, износот на основната плата на вработените кои согласно Законот за пожарникарство имаат статус на професионални пожарникари е поголема за 20% од основната плата на другите вработени со соодветна стручна подготовка за работно место во општинската администрација(20% на основните бодови за плата на работното место Возач II).
(3) Основната плата на вработените со статус на професионални пожарникари се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж, а најмногу до 20%.
(4)Плата изразена по бодови на овластени службени лица во областа на безбедноста – професионални пожарникари во ТППЕ по работни места:

| Реден број | Назив на работно место | Основна плата | 20% зголемување согласно Законот | Додаток за работна успешност | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | за пожарникарство | | |
| 1. | Командир на ТППЕ | 866 | 173 | 206 | 1245 |
| 2. | Командир на чета | 866 | 173 | 181 | 1220 |
| 3. | Командир на одделение | 866 | 173 | 136 | 1175 |
| 4. | Пожарникар спасител - техничар, пожарникар спасител | 866 | 173 | 106 | 1145 |

(5) Согласно Општ колективен договор за јавениот сектор, член 14, став 1 „ Основната бруто плата на вработените во јавниот сектор се зголемува за 10%, започнувајќи со исплата на плата за месец Септември 2023 година" , став 2„ Доколку индексот на трошоците на живот во првите шест месеци во 2024 година,споредено со индексот на трошоците на живот за првите шест месеци во 2023 година надминува 3%, основната бруто плата на вработените во јавниот сектор се зголемува во процентуален износ за разликата до 3%" и став 3 „ Процентот на пораст на платата од ставот (2) на овој член се применува со исплатата на платата за месец септември 2024 година". (Службен весник на РСМ, бр.154/23).

(6)Вредноста на бодот за пресметување на бруто плата на вработените кои немаат статус на административни службеници се утврдува со Одлука за извршување на Буџет донесена од страна на Советот на општината до крајот на тековната година за наредната година.

(7)Платите на вработените кои немаат статус на административен службеник се утврдуваат така што утврдените бодови се множат со вредноста на бодот.

(8)Работникот има право на надоместок на плата како и надоместување на трошоците поврзани со работа согласно закон и колективен договор.

(9) Основната плата на вработените кои вршат помошно-технички работи се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж, а најмногу до 20%.

(10) Пресметаката на плата ќе се врши почнувајќи со испата на плата за месец март 2025 година.

**Член 8**

Членот на 24 се менува и гласи

**„Плата на вработените со статус на државни службеници и инспектори**

Член 24

(1) Платата на вработените со статус на државни службеници и инспектори се состои од основна компонента и исклучителна компонента.

(2) Основната компонента на платата на вработените со статус на државни службеници и инспектори ја сочинуваат:

- минимална плата,
- дел на плата за степен на образование,
- дел на плата за ниво и
- дел на плата за стаж.

(3) Делот на плата за степенот на образование кој е законски минимум за соодветното ниво на работно место се вреднува на следниов начин:

| НИВО НА КВАЛИФИКАЦИИ/ОБРАЗОВАНИЕ | БОДОВИ |
|---|---|
| Ниво на квалификации VI А, 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен | 56 |
| Ниво на квалификации VI Б или 180 кредити според ЕКТС | 31 |

| | |
|---|---|
| Ниво на квалификации V А, 60 до 120 кредити според ЕКТС или вишо образование | 11 |
| Ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование | 1 |

(4) Делот на плата за нивото на кое е распореден државниот службеник односно инспекторот се вреднува на следниов начин:

| НИВО | БОДОВИ |
|---|---|
| А4 - секретар од четврто ниво | 424 |
| Б2 - раководен административен службеник од второ ниво | 323 |
| Б3 - раководен административен службеник од трето ниво | 233 |
| Б4 - раководен административен службеник од четврто ниво | 172 |
| В1 - стручен административен службеник од прво ниво | 106 |
| В2 - стручен административен службеник од второ ниво | 71 |
| В3 - стручен административен службеник од трето ниво | 56 |
| В4 - стручен административен службеник од четврто ниво | 25 |
| Г1 - помошно-стручен административен службеник од прво ниво | 15 |
| Г2 - помошно-стручен административен службеник од второ ниво | 10 |
| Г3 - помошно-стручен административен службеник од трето ниво | 5 |

(5) Бодовите на плата во делот на образованието за државниот службеник со ниво на квалификациите VI Б, односно стекнати 180 кредити според ЕКТС, кој засновал работен однос во институцијата заклучно со денот на започнувањето со примената на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14), ќе се вреднуваат со 56 бода.

(6) На делот на плата за нивото на кое е распореден државниот службеник односно инспекторот се додаваат и бодовите за стекнат степен на кариера.

(7)Делот на плата за работниот стаж на административниот службеник се вреднува во износ од 0,5% од збирот на минималната плата, делот на плата за степен на образование и делот на плата за ниво, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

(8) Вредноста на бодот за пресметување на плата на државните службеници во Општината се утврдува секоја година со одлука на Советот, која на предлог на Градоначалникот се донесува во рок од десет дена од денот на донесувањето на одлуката за извршување на Буџетот, а во рамките на предвидениот буџет и врз основа на вкупниот број на државни службеници распоредени по соодветните нивоа за тековната година.

(9) Градоначалникот пред давањето на предлогот за вредноста на бодот должен е најниската вредност на бодот да ја утврди со репрезентативниот синдикат/ти, која вредност не може да биде пониска или повисока од вредноста утврдена согласно Одлуката на Владата на Р.С.Македонија.

(10) Согласно Општ колективен договор за јавениот сектор, член 14, став 1 „ Основната бруто плата на вработените во јавниот сектор се зголемува за 10%, започнувајќи со исплата на плата за месец Септември 2023 година“ , став 2„ Доколку индексот на трошоците на живот во првите шест месеци во 2024 година,споредено со индексот на трошоците на живот за првите шест месеци во 2023 година надминува 3%, основната бруто плата на вработените во јавниот сектор се зголемува во процентуален износ за разликата до 3%“ и став 3 „ Процентот на пораст на платата од ставот (2) на овој член се применува со исплатата на платата за месец септември 2024 година“. (Службен весник на РСМ, бр.154/23).

(11) Исклучителната компонента на платата на вработените со статус на државни службеници и инспектори ја сочинуваат:

- додаток на плата за посебни услови за работа, и тоа за работа изложена на висок ризик или за работа со специфични должности и работни задачи;
- додаток на плата заради прилагодување на пазарот на труд и/или
- додаток на плата за ноќна работа, работа во смени, работа во празник, работа во недела и прекувремена работа.

(12) Пресметаката на плата ќе се врши почнувајќи со испата на плата за месец март 2025 година.

**Член 9**

По членот 24, се додава нов член 24-а кој гласи:

**„Додаток на плата заради усогласување со минимална плата и други околности(работна успешност, специфични работни задачи и работни услови, доверливост, интегритет и посебна одговорност)**

Член 24-а

(1) Административните службеници, вработени во Општина Свети Николе, освен инспекторите имаат право на додаток на плата заради усогласување со минималната плата и други околности(работна успешност, специфични работни задачи и работни услови, доверливост, интегритет и посебна одговорност) за што Градоначалникот, во соработка репрезентативниот синдикат утврдува и одобрува додаток на плата која се пресметува на следниов начин:

| НИВО | БОДОВИ |
|---|---|
| А4 - секретар од четврто ниво | 106 |
| Б2 - раководен административен службеник од второ ниво | 106 |
| Б3 - раководен административен службеник од трето ниво | 106 |
| Б4 - раководен административен службеник од четврто ниво | 106 |
| В1 - стручен административен службеник од прво ниво | 106 |
| В2 - стручен административен службеник од второ ниво | 106 |
| В3 - стручен административен службеник од трето ниво | 106 |
| В4 - стручен административен службеник од четврто ниво | 106 |
| Г1 - помошно-стручен административен службеник од прво ниво со вишо образование | 106 |
| Г1 - помошно-стручен административен службеник од прво ниво со средно образование | 62 |
| Г2 - помошно-стручен административен службеник од второ ниво со високо образование | 106 |
| Г2 - помошно-стручен административен службеник од второ ниво со средно образование | |
| Г3 - помошно-стручен административен службеник од трето ниво | 62 |

**Член 10**

По членот 24-а, се додава нов член 24-б кој гласи:

Член 24-а

(1) Административните службеници, вработени во Општина Свети Николе, со статус на инспектори имаат право на додаток на плата заради усогласување со минималната плата и други околности(работна успешност, специфични работни задачи и работни услови, доверливост, интегритет и посебна одговорност) за што Градоначалникот, во соработка репрезентативниот синдикат утврдува и одобрува додаток на плата која се пресметува на следниов начин:

| НИВО | БОДОВИ |
|---|---|
| Б4 – Виш инспектор(раководен административен службеник од четврто ниво) | 82 |
| В1 – Советник инспектор(стручен административен службеник од прво ниво) | 82 |
| В2 – Самостоен инспектор(стручен административен службеник од второ ниво) | 82 |

**Член 11**

Членот 25 се менува и гласи:

Член 25

„Инспекторот има право на додаток на плата заради постоење на висок ризик по животот и здравјето при извршувањето на работите и задачите на инспектор во висина од 30% од износот на основната плата.“

**Член 12**

Член 26 се брише.

**Член 13**

Членот 36 се менува и гласи:

**„Отпремнина**

Член 37

Вработениот кој заминува во пензија, има право на отпремнина во висина од две основици од просечната месечна нетро плата во Република Северна македонија исплатена во последните три месеци.“

**Член 14**

Членот 37 се менува и гласи:

**„Јубилејна награда**

Член 38

(1) За непрекината работа кај работодавачот, вработениот има право на јубилејна награда за навршени 10, 20, 30 и 40 години работен стаж кај работодавачот.
(2) Висината на јубилејната награда изнесува:

- 50% од просечната нето плата во Републиката во претходната година за 10 години стаж;
- 100% од просечната нето плата во Републиката во претходната година за 20 години стаж;
- 150% од просечната нето плата во Републиката во претходната година за 30 години стаж;
- 200% од просечната нето плата во Републиката во претходната година за 40 години стаж

(3) Јубилејната награда по правило се исплаќа во годината кога се остварува правото.
(4) Основица за пресметување на надоместоците за трошоци поврзани со работата, претставува просечната месечна нето плата по работник во Република Северна Македонија исплатена во последните 12 месеци.“

**Член 15**

Член 41 се брише.

**Преодни и завршни одредби**

Член 16

(1) Со овој Анекс се врши изменување и дополнување на Колективен договор на Општина Свети Николе бр.0901-128 од 27.01.2023 година(Службен гласник на Општина Свети Николе бр. 02/2023) и е составен дел на истиот.Со овој Анекс, важноста на Колективниот договор се определува на две години сметано од денот на потпижување на Анексот.
(2) Колективен договор и Анексот може да продолжи да важат ако страните на договорот, најдоцна 30 дена пред истекот на важењето склучат писмена спогодба со која ќе го продолжат важењето на овој колективен договор.
(3) Доколку не дојде до продолжување на Колективен договор и Анексот или склучување на нов по истекот на времето на важење, неговите одредби се применуваат и важат до склучување на нов или негово продолжување.

Член 17

(1) Овој Анекс, Колективниот договор и сите негови измени и дополнувања, како и откажувања на истиот, јавно се објавуваат на огласна табла на работодавачот и преку електронските гласила на договорните страни.
(2) Овој Анекс на колективен договор стапува во сила со денот на склучувањето.
(3) Одредбите од членовите 6, 7,8, 9 и 10 од овој Анекс на колективен договор ќе започнат да се применуваат со исплатата на мартовска плата 2025 година.
(4) Објавениот текст на Анексот на колективниот договор се публикува во соодветен број на примероци кои се доставуваат на вработените.
(5) Работодавачот односно синдикатот има обврска на секој вработен да му овозможат увид на овој Анекс на колективен договор.
(6) Анекс на колективен договор се доставува и регистрира во министерството надлежно за работите од областа на трудот.

Градоначалник на
Општина Свети Николе
Дејан Владев

Синдикална организација
на САДУ
при Општина Свети Николе
Претседател,
Маринела Зафирова